Врз основа на член 28 став 6 и член 59 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.150/07) министерот за правда донесе

**ПРАВИЛНИК
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО
ЗА ИЗБРАН ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕДОТ НА ЈАВНИТЕ
ОБВИНИТЕЛИ**

Член1

Со овој правилник се уредува формата и содржината на уверението за избран член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија од редот на јавните обвинители.

Член 2

Уверението е дадено во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Уверението е отпечатено на пергамент хартија со димензии А4 формат.

Во горниот дел на уверението е отпечатен грбот на Република Македонија и текстот "Република Македонија", "СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", "Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на јавните обвинители во Република Македонија". Под него е наведен основот за издавање на уверението.

На средината на уверението е отпечатен текстот "УВЕРЕНИЕ ЗА ИЗБРАН ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕДОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ". Под него има место за: лични податоци за избраниот член на Советот на јавните обвинители (име и презиме, датум и место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот), назив на обвинителството во кое ја вршел функцијата јавен обвинител и датумот на избор.

Во долниот лев дел има место за бројот на уверението, датум и место на издавање, во средината има место за печат, а во долниот десен дел место за потпис на претседателот на комисијата.

Член 4

Во Советот на јавните обвинители на Република Македонија се води евиденција за издадените уверенија од членот 3 на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.________________
_____________2008 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
Михајло Маневски

Прилог бр.1

**Р е п у б л и к а   М а к е д о н и ј а**
**С О В Е Т   Н А  Ј А В Н И Т Е  О Б В И Н И Т Е Л И**
**Н А   Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**
**Комисија за спроведување на избори на членови на**
**Советот од редот на јавните обвинители**
**во Република Македонија**

Врз основа на член 28 став (5) од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија бр.150/07), Комисијата за спроведување на избори на членови на Советот од редот на јавните обвинители во Република Македонија издава

## У В Е Р Е Н И Е

### ЗА ИЗБРАН ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕДОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

На_____________________________________________________

роден/а на _______________ во ____________ општина________________

држава __________________________, со ЕМБГ_____________________,

јавен обвинител во_____________________________________на изборите

спроведени на ден _____________ е избран/а за член на Советот на јавните

обвинители на Република Македонија од редот на јавните обвинители.

Бр.____________
__________2008 година
Скопје

М.П.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,
__________________________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

# ПРАВИЛНИК
## ЗА
## ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ИЗБРАН ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕДОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

**Скопје, март 2008 година**